# Славчо Спировски
# Slavčo Spirovski

## Пресек за скулптурата над
## Intersection for the Sculpture Above



Министерство за култура на Република Македонија
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

Национална галерија на Македонија
National Gallery of Macedonia

Славчо Спировски / Slavčo Spirovski

# Пресек за скулптурата над
# Intersection for the Sculpture Above

Чифте амам, Скопје, 2010
Čifte Hamam, Skopje, 2010

Пресек за скулптурата над
- или игра со дефинициите -

Во најновиот проект насловен „Пресек за скулптурата над“ Славчо Спировски ги продолжува истражувањата поврзани со различни прашања за појавноста и егзистирањето на скулптурата денес. Ако во неговиот претходен проект „Пирамидите во h=0“ се фокусира врз разработка на класичните скулпторски елементи (простор-постамент-дело) низ дводимензионално презентирање на тридимензионалноста на скулптурата со различни технички цртежи, најновата изложба ги обработува различните комбинации во „игрите“ на дефинирање на споменатите проблеми, но со безбројните комбинации внатре-надвор, полно-празно, дело-изложбен простор...
Спировски го провоцира погледот на гледачот преку ритмичката игра на полно-празното и прецизниот распоред на елементите во расчленета просторна инсталација. Во случајов формално би го опишале составот на овие елементи како композиција од 15 објекти со класична форма и димензија на вообичаени галериски постаменти (110x40x40 см, облагородена иверка), кои формираат квадрат (со интригантно отсуство на еден објект кој би го комплетирал квадратот) и 32 плохи (со димензии 40x40x1,5см) поставени на различни позиции во просторот. Авторот не го занемарува просторот во кој се сместени објектите, туку, напротив, тие се позиционирани во насока на негово целосно осмислување и доживување и се презентирани со концизната, речиси математичка поставеност.
Постаментот, кој вообичаено се дефинира како архитектонска потпора или основа за скулптура, за Славчо Спировски е објект со особена уметничка провокација и примарно значење во концептуалното истражување на проблемите на ликовноста. Парадоксално, оној објект што во презентацијата на уметничкото дело (конкретно скулпторското уметничко дело) има секундарна, помошна и често занемарлива функција, самиот станува уметничко дело. Сè што треба да се случи „над“, сега се случува „во“ објектот, во внатрешноста на постаментот, кој стереотипно се претпоставува дека е со празно или без значење. Со различни средства се сугерира присутноста на делото врз и во објектот.
При разработувањето на проблемите што се однесуваат на дефинирањето на уметничкото дело скулптура/објект, делото не отсуствува, туку неговиот носач се трансформира во дело. Плохите, поточно горните површини што ги затвораат постаментите повторно алудираат на функцијата „носач“ на уметничкото дело и ги „навестуваат дополнителните изложбени површини“ во изложбениот простор.
Техничкиот цртеж на делото, поставен во објектите/постаментите (кои несекојдневно се поставени наопаку), во „Пресек за скулптурата над“ добива нова димензија - тој е оформен како тридимензионален

приказ на „дело во дело“, изведен со конци-линии, кои формираат решетка од линии и нивни пресеци што ја доловуваат тридимензионалноста на скулптурата. На пресеците се поставени точки (пластични мониста) кои, според авторот, се обид „на релативно суптилен начин да се навести просторната зафатнина - волуменот на делото, а воедно се надева/очекува дека ќе биде доволна за визуелна претстава на делото што недостасува - плод на очекуваната љубопитност кога сме исправени пред просторен распоред на постаменти...“

Славчо Спировски во своите досегашни дела се потврдува како исклучително љубопитен и аналитичен автор, кој со „игра“ го деконструира „митот“ за скулптурата и одново го оформува на сопствен начин, создавајќи своевиден метапростор или ментален простор за размислување и осмислување на многу прашања и комбинации.

Маја Чанкуловска-Михајловска










Intersection for the Sculpture Above
- or play with the definitions -

The latest project titled "Intersection for the Sculpture Above" Slavčo Spirovski continues with the researches related to various issues of appearance and existence of the sculpture today. If his previous project "The Pyramids at h = 0" focused on the development of classical sculptural elements (space-pedestal-work) through the two-dimensional presentation of the three-dimensionality of the sculpture through various technical drawings, the latest exhibition processes various combinations in "games" of defining the aforementioned problems, but through countless combinations inside-out, full-empty, work-exhibition space ...
Spirovski provokes the spectator's look by rhythmic play of full-empty and the precise arrangement of elements in divided spatial installation. In this case, we would formally describe the juncture of these elements as a composition of 15 objects with a classic shape and dimension of usual gallery seats (110x40x40 cm chip-board), which form a square (with intrigant absence of an object that would have completed the square) and 32 surfaces (with dimensions 40x40x1,5 cm) placed in different positions in space.
The author does not neglect the space where the objects are placed, instead, they are positioned in the direction of its full design and experience, and are presented through the precise, almost mathematical set.
Pedestal, which is usually defined as an architectural support or base for the sculpture, for Slavčo Spirovski is the object of particular artistic provocation and primal importance in the conceptual study of problems of art. Paradoxically, the object that in the presentation of the artwork (specifically sculptural artwork) is secondary, auxiliary, and often has negligible function itself becomes a work of art. Everything that has to happen "above", is now happening "in" the object, inside the pedestal, which stereotypically is assumed to be with empty or with no meaning. Through various means it is suggested a presence of work on and in the object.
While elaborating the problems concerning the definition of the art work sculpture / object, the work is not absent, but his carrier is converted into work. The surfaces, specifically the upper ones that close the pedestals, allude again to the function "carrier" of the artwork and "suggest additional exhibition spaces" in the exhibition space.
The technical drawing of the art work set in the facilities / pedestals (that are extraordinary set upside down), in the "Intersection for the Sculpture Above" gets a new dimension - it is formed as a three-dimensional display of work at work, conducted by thread-lines that form a bar of lines and their sections that express three-dimensionality of the sculpture. On the intersections there are dots (plastic bead) which, according to the author, are an attempt "on a relatively subtle way to imply the spatial volume - the volume of the work, but also hopes / expects to be sufficient for a visual representation of the piece missing - fruit of the expected curiosity when we are faced with the spatial arrangement of seats ..."

Slavčo Spirovski in his previous works is confirmed as extremely curious and analytic author who by a "play" deconstructs the "myth" of the sculpture and reshapes it on an own way, creating a kind of meta-space or mental space for thinking and defining the countless issues and combinations.

Maja Čankulovska-Mihajlovska



Роден е 1975 година во Скопје, Македонија. Дипломира 2006 на Факултетот за ликовни уметности во Скопје на педагошкиот оддел, отсек скулптура во класата на професор Станко Павлески.

**Самостојни изложби:**

2010 Скопје, *Пресек за скулптурата над*, Национална галерија на Македонија, Чифте амам

2008 Скопје, *Денес - Годишна награда за млад ликовен уметник*, Музеј на град Скопје

2007 Скопје, *Пирамидите во h=0*, Младински културен центар

2006 Скопје, Мултимедијален проект *Соработка помеѓу уметностите 2*, заедно со пијанистот Симон Трпчески, Национална галерија на Македонија - Даут пашин амам

2005 Гевгелија, Прилеп, *Соработка помеѓу уметностите*, со пијанистот Симон Трпчески, Аполонија груп и Центар за култура „Марко Цепенков" (Прилепско лето)

**Групни изложби:**

2009 Бејрут (Либан), *6-ти Интернационални франкофонски игри - Бејрут 2009*, Галерија на УНЕСКО
Сплит (Хрватска), *Мои перспективи*, Хотел Адрија
Скопје, 8-мо Биенале на млади - *Идентитети*, Музеј на современата уметност, Скопје
Приштина (Косово), 8-мо Биенале на млади - *Идентитети*, Уметничка галерија на Косово

2008 Нови Сад (Србија), *Простор за нов дијалог*, Музеј на современата уметност на Војводина

2004 Дебар, *Етничките и религиозните симболи и нивната употреба и злоупотреба*, Градски совет на Општина Ростуше

2002 Скопје, *4*, Младински културен центар
Велес, 1-во Меѓународно биенале на мала графика *Графички круг*, Галерија при Народен музеј Велес

2001 Добрич (Бугарија), Експериментално студио *Хартија и графика заедно*
Белград (Србија), *Интернационално студентско биенале за цртеж*, Галерија ФЛУ Белград
Велес, *Колонија за брзо сликање*, Галерија при Народен музеј Велес

1999 – 2002 Скопје, *Годишни студентски изложби на ФЛУ – Скопје*, ФЛУ

**Награда:**

Студент на генерацијата 1998 - 2002 год.

Born 1975 in Skopje, Republic of Macedonia. Faculty of Fine Arts Skopje, Macedonia, BFA 2006, pedagogical section, sub-section sculpture in the class of Professor Stanko Pavleski.

**Solo Exhibitions:**

2010 Skopje (Macedonia), *Intersection for the Sculpture Above*, National Gallery of Macedonia, Cifte Hamam

2008 Skopje (Macedonia), *Denes - Young Visual Artist Award*, Museum of the City of Skopje

2007 Skopje (Macedonia), *The Pyramids in h=0,* Youth Cultural Center

2006 Skopje (Macedonia), Multimedia project *Cooperation between Arts 2*, together with the pianist Simon Trpčeski, National Gallery of Macedonia, Daut Pasha Hamam

2005 Gevgelija, Prilep (Macedonia), *Cooperation between Arts,* Apolonia Group and Cultural Center Marko Cepenkov (Prilep Summer Festival)

**Group Art Exhibitions:**

2009 Beirut (Lebanon), *6th International Francophone Games Beirut 2009*, UNESCO Gallery
Split (Croatia), *My Perspectives,* Hotel Adria
Skopje (Macedonia), *8th Biennial of Young Artists – Identities*, Museum of Contemporary Art, Skopje
Prishtina (Kosovo), *8th Biennial of Young Artists – Identities*, Kosovo Art Gallery

2008 Novi Sad (Serbia), *Space for New Dialogue,* Museum of the Contemporary Art Vojvodina

2004 Debar (Macedonia), *Ethnic & Religious Symbols, their Use and Abuse, Rostuse Town Hall*

2002 Skopje (Macedonia), *4*, Youth Cultural Center
Veles (Macedonia), *1st International Mini Print Biennial Exhibition Graphic Circle,* Art Gallery, National Museum Veles

2001 Dobrich (Bulgaria), Experimental Studio *Paper and Print Together*
Belgrade (Serbia), *International Student Drawing Biennial,* FFA Gallery Belgrade
Veles (Macedonia), *Colony for Quick Painting*, Art Gallery, National Museum Veles

1999 – 2002 Skopje (Macedonia), Annual Student Exhibitions of FFA - Skopje, FFA

**Award:**

Best University student of the Faculty of Fine Arts 1998-2002

Голема благодарност до Коца, Ацо, Жане, Пепи и Сашка, при реализацијата на оваа изложба.

Gratitude to Koca, Aco, Žane, Pepi and Saška, for the realization of this exhibition.

**Национална галерија на Македонија**
Железничка 18, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: ++ 389 (0)2 31 26 856
Факс: ++ 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; e-mail: contact@nationalgallery.mk
Февруари 2010

**National Gallery of Macedonia**
Železnička 18, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel.: ++ 389 (0)2 31 26 856
Fax: ++ 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; e-mail: contact@nationalgallery.mk
February 2010

Издавач: Национална галерија на Македонија, Скопје
За издавачот: Маја Крстевска, директор
Организација на изложбата: Маја Чанкуловска-Михајловска
Лектура: Кирил Ангелов
Коректура: Михаил Лопарски
Превод од англиски: Александра Петковска
Фотографии: Славчо Спировски
Дизајн: Славчо Спировски, Борис Шемов
Печат: Скенпоинт, Скопје
Тираж: 500

Published by the National Gallery of Macedonia, Skopje
For the Publisher: Maja Krstevska, director
Organization of the exhibition: Maja Čankulovska-Mihajlovska
Proofreading: Kiril Angelov
Correction: Mihail Loparski
English translation: Aleksandra Petkovska
Photographs: Slavčo Spirovski
Design: Slavčo Spirovski, Boris Šemov
Printed by: Skenpoint, Skopje
500 copies

Поддржано од Министерството за култура на Република Македонија
Supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

**Copyright © The National Gallery of Macedonia**

ISBN 978-9989-196-50-8